Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22, 208/2024 и 210/2024), како и согласно Записникот од извршена административна селекција за административен службеник бр.10-1642/4 од ден14.07.2026 година, со ранг-листа на кандидати кои ја поминале административната селекција по јавен оглас број 437/2026 од ден 29.06.2026 година, Записник од спроведениот испит за административен службеник бр.10-1642/7 од ден 31.07.2026 година и ранг листа, Записник од спроведена проверка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник бр.10-1642/8 од ден 06.08.2026 година со листа, градоначалникот на општина Росоман, донесе

# О Д Л У К А

## за избор на кандидат по Јавен оглас

**1.** На Јавниот оглас со број 437/2026 за вработување на административен службеник – 1 извршител за работно место УПР 01 01 Б04 000 – Раководител на одделение за правни и општи работи во Одделение за правни и општи работи, се избира Митко Пешов.

**2.** Жалбата изјавена против оваа Одлука го одлага нејзиното извршување.

## О б р а з л о ж е н и е

Општина Росоман преку Агенцијата за администрација на ден 29.06.2026 година објави оглас за вработување на административен службеник – 1 (еден) извршител за работното место - Раководител на одделение за правни и општи работи.

По спроведената постапка за вработување согласно одредбите од Законот за административни службеници, врз основа на Записниците со ранг листи од сите фази од постапката како и Предлогот за вработување на кандидат со најголем број освоени бодови за работното место за вработување по јавен оглас бр. 437/2026 од ден 29.06.2026 кој е доставен до градоначалникот од страна на Комисијата на ден 07.08.2026 година, која е формирана со Решение на Агенција за администрација, согласно член 37 од Законот за административни службеници, се одлучи како во диспозитивот.

*Правна поука: Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на нејзиното објавување на Веб страната и на огласната табла на Агенцијата за администрација.*

Изработила : А/П

**Бр. 04 – 543/12**
**10.08.2026 година**
**Р о с о м а н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Ѓорѓи Крстевски с.р**